**Врз основа на членот 50 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/2002) и Меморандумот за соработка број 08-2368/1 од 20 април 2022 година и број 03-98/1 од 20 април 2022 година, склучен помеѓу Општина Гази Баба и Универзитетот за туризам и менаџмент Скопје, градоначалникот на Општина Гази Баба објавува**

# КОНКУРС
## за доделување на 15 стипендии за додипломски студии на жители на Општина Гази Баба на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје за студиската 2022/2023 учебна година

## 1. ВОВЕД

Општина Гази Баба во соработка со Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје за студиската 2022/2023 учебна година ќе додели 15 стипендии на редовни студенти, запишани на додипломски студии на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

## 2. УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИЈА

Право на учество на конкурсот има секој македонски државјанин кој е жител на Општина Гази Баба, а не е корисник на стипендија од друга установа, институција или фирма.

За учество на конкурсот потребни се следните документи:

**(1)** Мотивациско писмо со биографски податоци, во кое се наведува досегашното образование, познавање на странски јазик, причина за учество на конкурсот и постигнат успех во средното образование,

**(2)** Копии од свидетелствата за прва, втора, трета и четврта година од средното образование,

**(3)** Уверение за македонско државјанство,

**(4)** Копија од лична карта,

**(5)** Изјава дека не е корисник на стипендија од друга установа, институција или фирма, и

**(6)** Изјава со согласност за користење на личните податоци и за веродостојност и точност на поднесените документи.

Општина Гази Баба го задржува правото да побара дополнителни документи доколку е потребно.

**3. МЕСТО И РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ**

Пријавата со потребните документи, кандидатите треба да ја достават заклучно со 7 октомври 2022 година, во затворен плик со назнака “За конкурс за додипломски студии на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје за студиската 2022/2023 учебна година“, по пошта на адреса: Општина Гази Баба, улица “Архимедова“ број 2, Гази Баба-Скопје, или во архивата на Општина Гази Баба секој работен ден од 8.30 заклучно со 15.30 часот.

**4. ПОСЕБНИ УСЛОВИ**

Изборот на стипендисти го врши комисија формирана со решение на Градоначалникот на Општина Гази Баба.

Решенијата за избор на стипендисти ги потпишува Градоначалникот на Општина Гази Баба.

Предност во доделување на стипендии имаат одлични ученици, ученици од социјално ранливи категории граѓани и ученици кои се деца без родители.

Избраните кандидати на кои ќе им се додели стипендија ќе бидат известени во рок од 5 дена од последниот ден за поднесување на документите.

Општина Гази Баба ќе достави список до Универзитетот за избраните стипендисти, а сите формалности околу уписот и потребната документација за упис се обврска на стипендистите.

Нема да бидат разгледувани пријавите доставени после рокот, пријавите доставени по електронска пошта и некомплетните пријави.